РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 09-9607/1
15-06-2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 21, став (1), алинеја 3 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/14), Советот на НИПП донесува

# Р Е Ш Е Н И Е

за назначување претседател и членови на работната група за институционални и правни прашања и градење капацитети

1.Се формира работна група за институционални и правни прашања и градење капацитети, во состав од:

- Соња Димова од Агенцијата за катастар на недвижности, претседател;
- Берат Мехмеди од Министерството за правда, член;
- Аленка Ѓорѓиева од Министерството за одбрана, член;
- Гордана Шарковска-Бујароска од Министерството за внатрешни работи, член; и
- Гајтана Касапоска-Сотировска од Централниот регистар, член.

2. Се задолжува работната група да изготви:

- договор за размена на збирки на просторни податоци и услуги; и
- подзаконски акт за формата, содржината и начинот на поднесување на барањето и дозволата за поврзување на трета страна со НИПП.

3. Работната група материјалите од точка 2, да ги изготви и да ги достави на мислење до Советот на НИПП до 31 декември 2015 година.

4. За секретар на работната група, од точка 1 на ова решение, кој ќе ги врши работите сврзани со административно-техничката поддршка на групата, се назначува лицето Славчо Србиноски од Агенцијата за катастар на недвижности.

5. Покрај задачите од точка 2, работната група треба да ја поддржува имплементацијата на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- именуваните;
- Агенција за катастар на недвижности - Единица за административно-техничка поддршка на НИПП;
- архива.

Претседател на Советот на НИПП

м-р Владимир Пешевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
СКОПЈЕ